**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2139/**

# З А П И С Н И К

**Од 181.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 30.03.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација,Виолета Димевска-Раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ, Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ,Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор програмски сервис Драган Николовски-одговорен уредник на Трет програмски сервис МТВ, Еран Хасипи-одговорен уредник на Четврт програмски сервис МТВ и Даниела Симовска-Овластен ревизор БДО. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 181.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниов Дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 180-та седница на Програмски совет на МРТ.
2. Разгледување и усвојување на Консолидиран годишен извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ и ТВ СЦЕНА ДООЕЛ за 2021 година.
3. Разгледување и усвојување на Нацрт Консолидиран ревизорски извештај за 2021 година од Независен овластен ревизор БДО-Скопје.
4. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2021 година.
5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 180.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 180.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 180.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 180.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно усвоен.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Консолидиран годишен извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ и ТВ СЦЕНА ДООЕЛ за 2021 година.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац и даде збор на Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ, која детално го објасни пред присутните материјалот од Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ и дооел Сцена за 2021 година.
Во 2021 година ЈРП Македонска радио телевизија со ДООЕЛ ТВ Сцена оствари приходи во вкупен износ од 979.562.421 денар. Во истиот период реализирани се трошоци во вкупен износ од 986.432.797 денари, при што е остварен негативен финансиски резултат во работењето во износ од 7.036.230 денари. Значајно е да се напомене дека ваквиот финансиски резултат произлегува единствено поради неисплатувањето на средствата, односно поради намалениот износ на приход кој МРТ го добиваше од државата по основ на финансирање на радиодифузна дејност а кој како таков, воопшто не кореспондира со одредбите во Законот за ААВМУ и чие континуирано намалување, како што повеќепати и јавно е нагласено од страна на МРТ, има крајно негативно влијание, односно го отежнува севкупното тековно работење и ја доведува во прашање нејзината ликвидност. Имено, како што беше и погоре спомнато, по укинувањето на радиодифузната такса, од страна на државните институции на годишно ниво на ЈРП МРТ и се кратат по околу 10 милиони евра средства кои доколку ги добиеше, наместо да работи во отежнати услови, со сигурност ќе придонесеа за значително подобрување на севкупното работење, спроведување на сите позначајни инвестиции и тековни активности и секако што е најважно остварениот финансискиот резултат во услови на работење со реално и законски добиени финансиски средства во 2021 година ќе беше позитивен.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ и дооел Сцена за 2021 година, без забелешки.

По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ и дооел Сцена за 2021 година.

■ **Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ и дооел ТВ Сцена за 2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ и дооел Сцена за 2021 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3: Разгледување и усвојување на Нацрт Консолидиран ревизорски извештај за 2021 година од Независен овластен ревизор БДО-Скопје.**
Вовед по оваа точка даде Даниела Симовска од Ревизорска куќа БДО-Скопје кој објасна дека извршиле ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЈРП МРТ, кои се состојат од Консолидиран извештај за финансиска состојба на 31 декември 2021 година,

Консолидиран извештај за сеопфатна добивка, Консолидиран извештај за промените на капиталот и Консолидиран извештај за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки. Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Нацрт Консолидиран ревизорски извештај за 2021 година од Независен овластен ревизор БДО-Скопје, без забелешки.

По расправата по оваа точка беше предложен Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ констатира дека Консолидираниот ревизорски извештај за годината која завршува на 31.12.2021 година ,е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Р.Македонија, и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2021 година.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац на почетокот на своето излагање по оваа точка ги објасни законските рокови за доставување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2021 година до Собранието на РМ заедно со Финанискиот извбештај за 2021 година.
Надзорниот одбор на МРТ го разгледале Извештајот како материјал за информирање бидејќи не содржи никакви финансиски параметри.
Потоа излагање по Извештајот од програмата имаше Анета Андонова одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ која пред присутните истакна дека создавање програма што ќе го негува, поттикнува и развива секој облик на домашно аудиовизуелно творештво, понуда на квалитет, веродостојност и разновидност во своите програмски содржини со што ќе ги брани и унапредува европските вредности, основните човекови права и националните културни вредности македонското општество, но и придонес за меѓународна афирмација на македонскиот културен идентитет, е основната мисија на Јавниот сервис.
Задача на Првиот програмски сервис е да креира програма со којашто ќе придонесува во унапредувањето на едно демократско општество, какво што секој поединец заслужува.
Водечките начела кои се однесуваат на улогата на јавниот медиумски сервис во информациското општество посочува дека за еден јавен сервис навистина да ја извршува својата улога, на прво место треба да почитува пет клучни елементи, односно треба да претставува:
-референтна точка за целата јавност која нуди универзален пристап;
-фактор на социјална кохезија и на интеграција на сите поединци, групи и заедници;
-извор на непристрасни и на независни информации и коментари, и на иновативна и различна содржина која е усогласена со високите етички стандарди и стандардите за квалитет;
-форум за плуралистичка јавна дискусија и средство за промовирање поголемо демократско учество на поединците;
-сервис кој активно придонесува за аудиовизуелното творештво и за производството, како и за поголемото вреднување и ширење на разновидноста на националното и на европското културно наследство.

Согласно со Заклучоците на Владата на РСМ и согласно со Препораките и превентивните мерки на Комисијата за заразни болести, во услови на глобална пандемија на коронавирус, на почетокот на 2021 година, приоритет во програмата имаа дневно-информативните изданија, прес-конференциите во кои се известува за состојбата со коронавирусот и соопштенијата со Заклучоците на Владата на РСМ. Информативните изданија и целокупната програма е приспособена за сите ранливи категории на граѓани. Со цел информирање од секоја општина, во дневно-информативните изданија беа вклучени и извештаите од дописната мрежа од цела Македонија: Куманово, Штип, Велес, Струмица, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Кичево, Гостивар и од Тетово.

МРТ е отворена за граѓаните преку електронската адреса: korisnici@mrt.com.mk тв-консументите имаат можност да ги доставуваат своите идеи, забелешки и сугестии. На тој начин директно или индиректно учествуваат во креирањето на програмската шема.
Следењето на мислењето и реакциите на јавноста, ја наметна потребата од специјализирани програми наменети за прецизен таргет на публика.Овој предизвик за МРТ,всушност претставува континуитет на улогата и влијанието што го има Образовната програма на МТВ во формирањето на личноста на децата и младите луѓе, и во градењето на нивниот критериум за вистинските вредности.
Потоа излагање по Извештајот од програмата имаше Мигена Горенца одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ, која објасни кои се програмски содржини во 2021 година ги емитуваше МТВ2, со кои предизвици се соочи во минатата година, и дека со сите свои ресурси успеала да понуди квалитетна и разновидна програма на своите гледачи.
Драган Николовски одговорен уредник на Трет програмски сервис МТВ и Еран Хасипи одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис МТВ објаснија кои програмски содржини се реализираа во текот на 2021 година од страна на третиот и четвртиот програмски сервис на МТВ.
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија со прашање до Мигена Горенца дали серијалот „Солзи и радост" се емитување во 2021 година?
Мигена Горенца одговори дека се емитуваше цела година непрекинето.
Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац со неколку прашања:
-доколку има да се добие извештај колку мејлови се пристигнати во 2021 година од граѓаните односно јавноста, и ако има анализа кои се содржините по кои имаат забелешки и критики, а кои се оние што им се допаѓаат.
Анета Андонова одговори дека ќе достави конкретен писмен извештај по истото.
-дали имаше активности на МТВ за јубилејот на Гоце Делчев,
Анета одговори дека имавме повеќе активности во врска со јубилејот за Гоце Делчев на неколку програми во повеќе емисии.
-дали може да се направи римастеринг на детските емисии од минатото кои се многу кавлитетни.
Анета со одговор дека се потребни некои технички спецификации кои ние ги немаме во моментов.
-во однос на копродукциските проекти дали МТВ има приходи од скриени реклами,како и тоа дали има од емитувањето на други платформи надвор од тие на МРТ.
Анета Андонова дека за ова најточен одговор би дал Секторот за маркетинг во МРТ.
-во однос на преносот на натпреварите на Македонската фудбалска репрезентација и реакциите на јавноста за тоа што не се емитуваат на МТВ.
Драган Николовски објсни дека правата се откупуваат неколку години station наназад, а конкретно за предметниве мечеви правата се откупуваа во 2016 година, за кои тогаш најдобра понуда дадоа Јунајтед медиа (Спортклуб, Нова С и др.) за сите квалификации, ние како телевизија партиципиравме но испаднавме во прв круг поради нормално финансиската понуда.Овие бараж мечеви единствено можеа да се откупат со сублиценцирање но понудата на имателот на правата беше неприфатлива сума за нас.
По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2021 година.

■**Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2021 година** беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2021 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По однос на оваа точка беше предложен **Заклучок**:

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да обезбеди и да достави Информации:

1. Извештај односно анализа како се одвива реализацијата на акциониот план од Петгодишната стратегија за развој на МРТ,
2. Информација како тече дигитализацијата во МТВ и какви се плановите за во иднина по однос на процесот на дигитализација,
3. Информација по однос на финансиските средства од Финансискиот извештај на МРТ за 2021 година, наменети за Музичката продукција, односно зошто се толку обемни кога истата продукција не функционира,
4. Информација за наплатата од УЈП, и кој е планот и активностите на Менаџментот на МРТ да ги наплати обврските кои со години се насобрани,
5. Информација по однос на имотно-правната состојба на МРТ за делот кој се најде во забелешките од Државната ревизија,
6. Информација за тоа какви се плановите за мерење на гледаноста/рејтингот на МТВ,
7. Извештај колку прилози изготвиле поединечно дописниците на МТВ за 2021 година,
8. Информација дали може да се направи ремастеринг и што е потребно да се превземе за да се направи ремастеринг,
9. Да организира состанок со уредниците на Македонското Радио,
10. Информација дали е почната подготовка на Правилник за емитување на аудиовизуелни дела, како и примери од соседните Радио Телевизии за авторските дела објавени од вработени во јавен сервис.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател